# FOREVER

N. MACEDONIA

Мај 2021 | Број 235




## ПОВЕЌЕ ОД СЕКОГАШ, МОЌТА НА ФОРЕВЕР Е МОЌТА НА ЉУБОВТА
Rex Maughan

## ВИ БЛАГОДАРАМ ШТО ГО НАПРАВИВТЕ ГЛОБАЛНОТО РЕЛИ ТОЛКУ ПОСЕБНО
Gregg Maughan

## БИЗНИС ЗА ЛУЃЕТО
Стефан и Тања Стаеви



# Ви благодарам што го направивте Глобалното рели толку посебно



**Тешко ми е да поверувам дека уште едно неконвенционално, но неверојатно Глобално рели на Форевер е во историјата. Не можам да престанам да размислувам колку неверојатно се чувствував додека ве гледав како толку насмеани го демонстриравте духот од целиот свет.**

Се надевам дека и вие сте биле исто толку инспирирани како мене и сте научиле одлични идеи за развивање на вашиот бизнис. Знам дека понекогаш гледајќи како најдобрите СФБ ги добиваат своите Chairman's Bonus чекови, може да нѝ се чини дека таков успех е вон нашите можности. Вистината е дека не е. За ниту еден од нас. Сепак поделивме над 18 милиони долари во форма на чекови од Chairman's Bonus за време на Глобално рели дома и има голем потенцијал оваа сума да биде поголема догодина!

Никој од тие што добија чекови минатиот месец не започнал на повисоко ниво од останатите. И тие како вас го започнале своето Форевер патешествие споделувајќи неколку омилени производи со пријатели, блиски па и со непознати, кога здобиле повеќе самоувереност. А неверојатното кај нашите лидери е што не се алчни за својот успех, ниту пак ги чуваат тајните само за себе. Тие отворено ги споделуваат своите искуства за да отворат пат и за вас, ако сте спремни да работите здраво за квалификацијата за Chairman's Bonus. Ова е суштината на Глобалното рели – празнување на вашиот успех и инспирација да видите сѐ што може да се постигне со неверојатната бизнис можност на Форевер.

Додека работиме за следното Глобал рели, размислете за сите важни лекции научени од FGR21, а најмногу во моментите кога ви се чини дека целите се недостижни. Еден од омилените совети ми беше да правиме по неколку мали работи, за да постигнеме голема промена – како продажба на еден производ секој ден. Го обожавам овој совет, бидејќи сум видел како дејствува и знам дека им помогнал на многу луѓе.

Запомнете ги моментите од Глобалното рели кои ви се допаднаа. Навраќајте сѐ на нив од време на време, за да ве воодушевуваат во идните седмици. Дозволете им да ве инспирираат, да ви вдахнат сила и да го зајакнат вашиот потенцијал да си изградите бизнис со чија помош ќе ги исполните вашите соништа.

Можеби сѐ уште не знаеме како ќе изгледа Глобалното рели во 2022-та, но едно можам со сигурност да кажам, дека во него може да има чек со вашето име. Затоа учествувајте во секоја програма за стимулирање, постигнете Chairman's Bonus и можете да станете инспирација за другите. Сега е вашето време ако имате желба да го зграпчите моментот, да работите здраво и да си го изградите животот за кој мечтаете.

**Продолжете со насмевките,**

**Gregg Maughan**
Претседател на
Форевер Ливинг Продактс




# Повеќе од секогаш, моќта на Форевер е моќта на љубовта



**Минатата година Форевер порасна со темпо кое множина не го очекуваа. Всушност примивме над еден милион нови сопственици на Форевер бизнис во нашето семејство! Иако бев исключително среќен од тој раст, тој не ме изненади ни најмалку.**

Како што велам веќе 43 години и повеќе, моќта на Форевер е моќта на љубовта. Кога ќе се сетам на минатата година, гледам период во кој на луѓето повеќе од секогаш им беше потребна љубов. Имавме и имаме длабока потреба да се чувствуваме поврзани со другите и да сме дел од нешто поголемо, дел од нешто што ги менува животите и ги зајакнува нашите односи.

Бев бескрајно горд да ја видам љубовта на лицата на многумина за време не Глобалното рели дома минатиот месец. За мене беше чест да видам многу нови лица, кои ми се насмевнуваа. Многу сум среќен да ви посакам добредојде во нашето глобално семејство и немам трпение да ве видам како растете како сопственик на Форевер бизнис.

Солидните принципи и основните верувања немаат „рок на употреба“. Никогаш не е демоде да сме добри еден кон друг, да си држиме до зборот и и да се однесуваме со луѓето така, како што сакаме тие да се однесуваат со нас. Додека чекорите напред во вашето патешествие, ве молам само да останете верни на принципите кои го дефинираа Форевер во изминатите четири децении.

**ВИЕ СТЕ ТУКА НЕ САМО ЗАТОА ШТО ГИ САКАТЕ ПРОИЗВОДИТЕ, ТУКУ И ГО ОБОЖАВАТЕ ЖИВОТОТ, ЗДРАВЈЕТО И САКАТЕ ДА ИМ ПОМАГАТЕ НА ДРУГИТЕ ДА ГО РЕАЛИЗИРААТ СВОЈОТ ПОТЕНЦИЈАЛ.**

Најважниот принцип е да го градите бизнисот со љубов. Вие сте тука не само затоа што ги сакате производите, туку и го обожавате животот, здравјето и сакате да им помагате на другите да го реализираат својот потенцијал. Вие сте тука, бидејќи има награди кои не се мерат со сумата на чекот, на пример да знаеш дека си помогнал на некого да си го преобрази животот со моќта на Форевер.

Како што некои од вас можеби веќе знаат, ќе има моменти кога ќе ви се чини дека бизнисот не се развива доволно брзо и може да бидете во искушение да „минете попреку“. Ве молам секогаш да помните дека ништо што вреди да се постигне не станува лесно или од денес за утре, но ако останете верни на основите на Форевер, вложите труд и оставите љубовта да го води бизнисот, ќе го видите како расте.

Бескрајно се гордеам со вас, бидејќи го избирате смелиот и посериозен пат. Независно дали сега го започнувате патешествието или сте дел од семејството со години, нашиот бизнис постои благодарение на вашата љубов и одлучност. Моќта на Форевер навистина е моќта на љубовта и јас ве сакам сите.

**Засекогаш Ваш,**

**Rex Maughan**
Главен извршен директор на Форевер Ливинг Продактс

# Targeted skincare




Понекогаш треба да ги откриете точните проблеми што ги има вашата кожа и да ги таргетирате со специфични производи за да ја видите разликата. Targeted skincare колекцијата го прави точно тоа – ја надополнува вашата рутина со насочување кон специфични проблеми и помага вашата кожа да изгледа и да се чувствува подобро! Ако немате потреба од сите производи, изберете неколку во зависност од проблемите кои сакате да ги решите. Еве неколку начини на кои може да ги вметнете производите од колекцијата во вашата дневна рутина.

## Smoothing Exfoliator

Дали вашата кожа нема сјај, рапава е или се лупи? Дури и да имате соодветни средства за чистење, понекогаш на вашата кожа ѝ треба дополнителна помош!

**Smoothing Exfoliator** ги отстранува мртвите клетки од кожата и таа станува посветла, има мазен тон и текстура. Доволно е нежен за да се користи редовно (иако препорачуваме 1-2 пати во неделата), бидејќи има перли од јојоба за нежно да ја отстрани нечистотијата и бамбус во прав за чистење на кожата и отстранување на мртвите клетки. За најдобри резултати, користете го навечер по средството за чистење!

## Balancing Toner

Ако имате нерамномерен тон на кожата, изразени пори, или на кожата ѝ треба поголема хидратација, **Balancing Toner** може да биде решението за вас!

**Balancing Toner** го содржи свежото и чисто алое од нашите полиња за да ги обезбеди најмоќните состојки за нега на вашата кожа. Алоето помешано со екстракти од алги и натриум хиалуронат помага за навлажнување и омекнување на вашата кожа, го поддржува младешкиот изглед, го балансира тонот на кожата и ја намалува појавата на бори! Се користи по чистење и пилинг, а пред употреба на серум!

## Hydrating Serum

Зошто да не ѝ дадете на вашата хидратантна крема помош со серум кој ќе ја зајакне хидратацијата? **Hydrating Serum** е уникатен!

Моќта на оваа формула доаѓа од четирите типа хиалуронска киселина од кои секој има клучна улога во задржување на хидратацијата. Основно помага да се обнови водата на површината на кожата и да се задржи влагата одвнатре, и ја зголемува ефикасноста на вашиот хидратантен крем! Нанесете го серумот по чистење на лицето,а потоа крем за зоната околу очи и хидратантна крема, за да се намали појавата на фини линии и брчки!

## Awakening Eye Cream

Уморни очи? Чувството нѝ е познато! Ништо не помага како добар крем за зоната околу очи.

**Awakening Eye Cream** комбинира моќни состојки со колаген, алое вера и пептидна технологија за да ја подобри и измазни областа. Деликатната област околу очите може да биде подложна на подочници, отоци и брчки, а кремот помага да се намали нивната појава за само 15 дена! Кремот се нанесува на прст и се тапка кожата. Се нанесува откако лицето е чисто и нанесен е серум. Потоа може да се нанесе хидратантна крема.

## Aloe Bio-Cellulose Mask

Разгалете ја вашата кожа еднаш седмично со **Aloe Bio-Cellulose Mask**!

Маската длабоко ја обновува кожата со моќна хидратација, бидејќи био-целулозните влакна од маската лесно се вклопуваат во секоја контура на вашето лице, продирајќи длабоко во фините линии и брчки до кои традиционалните маски не успеваат да допрат. Погодна е за секој тип на кожа, а особено за сува, бидејќи кожата ќе ја впие неверојатната хидратација која маската ја нуди. Користете еден лист еднаш седмично, по чистење и тонирање, оставете да делува 20 минути,потоа нанесете серум, крем за зоната околу очи и хидратантна крема за комплетна рутина!

# Бизнис за луѓето



Пред извесно време по препорака на нашиот Потпретседател за Европа – Питер Бутс, ја прочитавме исклучителната книга *The Zappos Experience*, која во детали го опишува пристапот на компанијата Запос кон своите клиенти и како ја гради деловната култура со фокус врз човечкиот фактор. Посветени во секоја секунда на беспрекорната услуга на клиентите, тие добија репутација на најдобра компанија во светот во овој поглед, а нивната стратегија ги лансираше меѓу најуспешните со исклучителен раст и впечатливи обрти. Запос стануваат толку значаен амблем во опслужувањето на клиенти што се случува луѓето да се обраќаат кон вработените од нивниот специјализиран оддел со најразлични прашања, а некои дури и не се поврзани со трговската дејност на фирмата. Политиката им е бескомпромисна – клиентите НЕ се подвижни паричници и секој што ќе побара информација или има прашање треба да биде услужен правилно – внимателно, трпеливо и со почит.

Минатиот месец на Глобално рели дома имавме задоволство да слушнеме од Мартина Граовац од Канада практични и многу корисни совети за опслужување на клиенти во нашата област. Нејзините препораки повторно вклучуваа посебно внимание, внимателно и трпеливо слушање, мали гестови и комплименти.

И се замисливме како всушност без оглед на националност, припадност, дејност, возраст, пол или каков и да е друг признак, луѓето го ценат добриот однос и посебното внимание и остануваат лојални и посветени на оние од кои го добиваат. Всушност, динамиката на состојбата во светот последната година сè почесто нè тера да ги анализираме нашата функција и пристап и ја зајакнува увереноста дека Форевер без да може да ги предвиди идните околности и текот на времето, го избрала вистинскиот пат за својот развој – личната препорака и посебниот однос преку методот на мрежниот маркетинг. Само во оваа индустрија човечкиот однос и емпатијата се вистинскиот клуч кон успехот независно од околностите.

Веруваме дека и поголем дел од вас се вклучиле во семејството на Форевер, освен поради одличните производи од алое, и поради:

- личниот однос
- емпатичната комуникација
- чувството на припадност кон вистинска заедница
- достоинствен однос кон секој човек
- признанието

Во Форевер знаеме дека нашиот бизнис е за луѓето и затоа можете да сте сигурни дека се наоѓате на вистинското место и во вистинското време. Предноста да ги предлагаме најдобрите производи од алое на најдобриот можен начин е во вашите раце и единствено од вас зависи дали ќе ја искористите рационално и со огромна увереност дека правите нешто значително за сите околу себе. Разговарајте со луѓето, слушајте ги внимателно, грижете сè за потребите на вашите клиенти и соработници, обидете сè да помагате секогаш кога можете, бидете одговорни, одржувајте го ентузијазмот, насмевнете сè широко и БИДЕТЕ ФОРЕВЕР!

Сигурни сме дека успехот нема да задоцни ☺

**Секогаш со вас,**

**Стефан и Тања Стаеви**
Генерални директори на
Форевер Бугарија и С. Македонија

# Програма Менаџер ОРЕЛ




Програмата Менаџер ОРЕЛ го отвора патот до највисоките постигнувања во Форевер и гради сериозна основа на која вашиот бизнис ќе продолжи да се развива и расте во иднина. Таа е само еден од стимулите кои Форевер им ги предлага на лидерите за да ги мотивира да продолжат да работат активно и да ги применуваат фундаменталните принципи за градење на успешен бизнис:

- активност со 4 б. секој месец од периодот на квалификација;
- нов бизнис – спонзорирање на нови соработници, помош за нивно растење во маркетинг планот;
- вкупен глобален обем – обуки и помош за целиот тим.

Активноста со 4 бодови месечно е клучот за сите врати во најдарежливиот маркетинг план во браншата. Таа е дел од условите за квалификација во сите програми за стимулирање, исто за добивање на бонус од група на ниво Супервизор, Асистент Менаџер и Менаџер, како и на бонус СТИМУЛ за Асистент Супервизорите. Освен во квалификации и за добивање на бонуси, активноста ви одредува специјално место и во Лидерски клуб 4 б. – престижниот бизнис клуб кој често дава предимства и привилегии на членовите при обуки.

Редовната месечна активност има најсуштинско значење за градење на навики за регуларна употреба на производите и за вклучување на нови соработници во мрежата. Знаеме дека четирите бода се збир од еден од лична употреба и три од нов бизнис. И тоа не е случајно, нели? Бидејќи ентузијазмот од употребата на производите е неспорно заразен














и привлекува нови клиенти и потенцијални партнери за вашиот бизнис, кои пак се виталната сила на вашиот раст. Ете како тоа толку едноставно структурирано и фундаментално барање за квалификација во програмата може да придонесе за континуирана примена на основните принципи во нашата компанија – споделувај и спонзорирај.

Спонзорирањето е виталната сила на бизнисот, бидејќи го обезбедува развојот на секој сопственик на Форевер бизнис. Менаџер ОРЕЛ не се потпира само на вклучувањето на нови луѓе во бизнисот, но и на помошта за нивното растење во маркетинг планот – еден од основните услови за квалификација е најмалку два од новите партнери во тимот на Менаџерот да постигнат ниво Супервизор.

Сами гледате како овој последователен пристап ги комбинира сите потребни дејства за постигнување на успех. По спонзорирањето на новиот соработник лидерот треба да го научи како да гради мрежа, како и зошто да биде активен со 4 б., како да го сподели својот ентузијазам од производите, да се обучува и да го предава наученото. А кумулативниот резултат од тие едноставни активности му ја обезбедува на секој Менаџер што е фокусиран на целта и престижната титула ОРЕЛ. Помагајќи им на луѓето да изгледаат и да се чувствуваат подобро, ги остварувате вашите мечти и го развивате сопствениот бизнис!

**Новиот период на квалификација за програмата Менаџер ОРЕЛ започна на 1 мај 2021 г. и ќе трае до 30 април 2022 г. Поставете си цел и работете!**





# КВАЛИФИКАЦИИ ЗА МАРТ 2021 ГОДИНА

## МЕНАЏЕР

1. Талески Даниел
2. Ќаили Гете



## АСИСТЕНТ МЕНАЏЕР

1. Димитрова Бојана



## СУПЕРВИЗОР



1. Атанасовска Корнелија
2. Богдановска Мартина
3. Божиновиќ Моника
4. Димишкова Емилија
5. Костова Лидија
6. Ливринска Андонова Сашка
7. Миленкоска Зорица
8. Ордева Адријана
9. Стајковска Катерина
10. Станисављевска Лорета
11. Трипуновска Делфина
12. Шалев Елена



## АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОР

1. Абдулаи Феми
2. Ацевска Виолета
3. Ајдари Петрит
4. Ајети Магфире
5. Алаѓозовска Љуба
6. Алексовска Ирена
7. Алексовска Александра
8. Алија Едина
9. Андова Софија
10. Ангеловски Бошко
11. Аџигогова Милица
12. Бела Мерита
13. Богданоска Соња
14. Богеска Васка
15. Бонцикова Искра
16. Бришкова Арсова Добрила
17. Бучуковска Катерина
18. Гелебешева Лилјана
19. Георгиевска Андреа
20. Грозданова Моника
21. Дамјановска Маја
22. Дамјановска Катерина
23. Деловска Ирена
24. Димовска Татјана
25. Диковска Татјана
26. Димитрова Тахир
27. Димовска Елизабета
28. Дончева Велика
29. Дурмиши Фатиме
30. Ѓореска Драгана
31. Ѓорѓиевски Иле
32. Ѓорѓиоска Весна
33. Ѓошевска Жаклина
34. Елмази Фјола Лена
35. Здравковска Зорица
36. Златева Елизабета
37. Златковска Русанда
38. Исаковски Митко
39. Ивановска Елена
40. Исмаиловиќ Гордана
41. Исмајли Елмедина
42. Јазаџиевска Јана
43. Јаневска Стамчевска Сања
44. Јосева Васка
45. Јосевска Маргарита
46. Јованов Влатко
47. Јовановска Христина
48. Јовановска Даниела
49. Кадриу Валбона
50. Казакова Росана
51. Караџова Данилова Бојана
52. Картова Валентина
53. Кирова Стојка
54. Клинчарова Стефанова Павлинка
55. Костиќ Снежана
56. Костов Ангел
57. Кочоска Гордана
58. Крстиќ Сандра
59. Кујтиме Фера
60. Ласкова Милошески Александра
61. Лавдие Лецај
62. Манчева Марија
63. Манев Мартина
64. Матеничарска Накова Кети
65. Матоши Шопа Хијал
66. Мехинагиќ Сехрија
67. Мирческа Кристина
68. Мисини Мерита
69. Мицев Кирил
70. Митевска Гордана
71. Недева Ивана
72. Несторoска Танаскоска Силвија
73. Несторовска Даниела
74. Нешкова Јанковиќ Спасија
75. Нухији Нузула
76. Османи Зелије
77. Османи Сабрије
78. Панајотовиќ Силвана
79. Пејкова Жаклина
80. Петрушевска Фросина
81. Раеска Елена
82. Рамани Садику Диана
83. Реџепи Самиел
84. Ристова Марица
85. Саздов Дарко
86. Саракинова Дијана
87. Спасовска Оливера
88. Спасовска Даниела
89. Стаменковска Билјана
90. Станковска Соња
91. Стефаноска Катерина
92. Стојаноска Маја
93. Стојановска Тијана
94. Стојановска Јасмина
95. Стојевски Трајче
96. Стојковска Јасминка
97. Стојменова Стоилова Валентина
98. Табаковска Вера
99. Трајковска Ана
100. Трајковска Мима
101. Трајковска Марија
102. Тренчевска Слободанка
103. Трпевска Ивана
104. Филова Сузана
105. Фларуска Џафери
106. Хоџа Греса
107. Христова Љупка
108. Цветковска Маргарета
109. Чоков Зоран

**Forever2Drive – ниво 1**

**Донакова Славица**

## КЛУБ 4

**Клуб 4 – ниво 1**



Поповска Катерина
Реџепи Нуртен

**Клуб 4 – ниво 2**



Атанасовска Корнелија
Велковска Љупка
Кондоска Весна
Ќосева Голуба

**Клуб 4 – ниво 3**



Михајлова Велика

## ТОП 10

| ВКУПЕН ОБЕМ | НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ |
|---|---|
| 1. Роза Гелевска | 1. Вера Златковска |
| 2. Вера Златковска | 2. Елена Гелевска |
| 3. Елена Гелевска | 3. Роза Гелевска |
| 4. Славица Донакова | 4. Ќаили Гете |
| 5. Катерина Трајчевска | 5. Жарко Георгиевски |
| 6. Блага Крстеска | 6. Босилка Кајтазова |
| 7. Жарко Георгиевски | 7. Узлифет Алили Ахмеди |
| 8. Слафко Михајловски | 8. Ана Палева Стојаноска |
| 9. Стевица Димовска | 9. Маја Стојчевска |
| 10. Босилка Кајтазова | 10. Славица Донакова |


facebook

**Следете ја официјалната фејсбук страница**
**Forever Living Products, MK**
**за да бидете во тек со сите новини, промоции, обуки и претставувања кои ги организираме.**

Like



**ФОРЕВЕР ЛИВИНГ ПРОДАКТС ДООЕЛ**
**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815; 2465826; 070236609
e-mail:flp@t-home.mk



Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.


ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**
- онлајн преку линкот http://flp.bg/mac/order/
- доколку не сте во можност да порачате онлајн, можете телефонски на 02 2465846, 02 2465826 и 070 236609 секој работен ден од 9 до 19 часот. Порачките кои се примени до 14 часот се испраќаат од канцеларијата на Форевер истиот работен ден. Вие ја добивате порачката на домашна адреса во рок од 24 часа и ја плаќате на доставувачот.